Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 94, 7 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научна област економски развој на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научното поле/област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент за научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за збор на наставник од наставно-научната област метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси“ на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент (специјалист) за наставно-научната област ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово” од кандидатот м-р Ферат Шаља, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 43

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Трудово право“ (скрипта) од авторите доцент д-р Андон Мајхошев и доцент д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 47

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Производство, преработка и обработка на месо“ од проф. д-р Ацо Кузелов, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 62

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ /ОБЛАСТ ПРЕРАБОТКА НА АНИМАЛНИ ПРОИЗВОДИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на 76. Седница, одржана на 6.12. 2012 година, донесе Одлука број 1802-379/4 од 6.12.2012 година за формирање на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавени кандидати по Конкурсот објавен на 14.11. 2012 година во дневните весници „Дневник" и „Лајм" за избор на ***еден наставник*** во сите наставно-научни звања за наставно-научното поле/област ***преработка на анимални производи*** на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во состав:

– д-р Ацо Кузелов, вонреден професор – претседател,
– д-р Љупчо Михајлов, редовен професор – член,
– д-р Рубин Гулабоски, вонреден професор – член.

По разгледувањето на поднесените документи, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен на 14.11.2012 година во дневните весници „Дневник" и „Лајм" за збор на еден наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип се пријави единствено кандидатот д-р Дарко Андроников.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Дарко Андроников** е роден на 25 јуни 1975 година во Свети Николе, каде што завршува основно образование. Во 1993 година се запишува во средното хемиско училиште во Велес, кое го завршува во 1998 година. Во 1993 година се запишува на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, отсек Прехранбено-биотехнолошко инженерство, каде што и дипломира на 29 декември 1998 година. Во 2007 година се запишува на постипломски студии на Биотехничкиот факултет во Љубљана, Р. Словенија. Во 2008 година ги завршува студииите и се стекнува со наслов магистер. За време на студирањето е вклучен во истражувачката програма со наслов Интегрална храна и прехрана, што се изведувала на Катедрата за технологија на месо на Биотехничкиот факултет во Љубљана, Р. Словенија. Покрај научноистражувачката работа, Дарко Андроников бил вклучен и со вежби во наставата на додипломските студии по предметите Биохемија на месо и Технологија на преработка на месото. Притоа, вклучен е и во наставата на постдипломските студии на два предмета од областа на преработката на месо и месни производи. Се јавува и како рецензент на седум трудови поднесени за публикување во интернационални списанија опфатени од Science Citation. Учествува и во реализацијата на три интернационални проекти тесно поврзани од областа на преработките на анималните производи.

Во 2008 година запишува докторски студии на Биотехничкиот факултет во Љубљана, Р. Словенија. Во 2012 година успешно ја одбранува докторската дисертација со наслов „*Поврзаност помеѓу сензорните и физичко-хемиските карактеристики на крашкиот пршут*" и се стекнува со звање доктор на науки по прехранбена технологија.

Од 1999 година до 2001 година, кандидатот работи во „Евитал маг" во Свети Николе, како развоен инженер, а од 2003 година до 2007 година работи во АД „Пекабеско" во Скопје, како раководител на Оддел за имплементација на HACCP системот.

Кандидатот д-р Дарко Андроников ги познава и активно ги коридсти англискиот, словенечкиот и хрватскиот јазик.

***Научноистражувачка работа***

Кандидатот д-р Дарко Андроников досега ги има има објавено следниве научни трудови во интернационални списанија:

1. Darko Andronikov, Lea Gasperlin, Tomas Polak, Bozidar Zlender Texture and Quality parameters of Slovenian Dry – Cured Ham Kraski Prsut According to Mass and Salf Levels . Food Technology and Biotechnology (april 2012). Journal of the Faculty of Food Technology and Biotechnology of Zagreb, Croatia ISSN Y 202 -2681;1330- 9862.
2. Darko Andronikov, Lea gasperlin, Tomas Polak, Bozidar Zlender Effect of salf reduction on some parameters of prolonged matured dry – cured hams (Kraski prsut) originated from Slovenia 6 Center European Congres on Food (May 23-26 ,2012) Novi sad Serbia.
3. Bozidar Zlender, Tomas Polak Dajana Spacapan, Darko Andronikov , Lea Gasperlin Influence of raw matter origin and production period on fatty acid composition on dry cured hams (Vipavski prsut). Acta Agriculturae Slovenica.92 (November 2008), 1, 53-60, Ljubljana. Agris category codes Q 04 COBISS Code 1.0

Во трудот со наслов „*Texture and Quality parameters of Slovenian Dry – Cured Ham Kraski Prsut According to Mass and Salt Levels*“ се опишани својствата на словенечката говедска пршута, при што квалитетот и текстурата на овие анимални производи се студирани во функција од разни параметри, како температурата, влагата, услови на зреење на месото, влијанието на изложеност на сончевата светлина и сл.

Во трудот со наслов „*Zlender Effect of salt reduction on some parameters of prolonged matured dry – cured hams (Kraski prsut) originated from Slovenia*“ се студирани својствата на сушеното говедско месо и е покажана зависноста на редукцијата на солта во студираните производи, како функција од продолженото сушење при изложеност на надворешни влијанија во ниска влажност.

Во трудот со наслов „*Lea Gasperlin Influence of raw matter origin and production period on fatty acid composition on dry cured hams (Vipavski prsut)*“ авторите прикажуваат резултати за својствата и составот на масните киселини во сушени говедски пршути што се студирани во зависност од потеклото на суровиот материјал и од периодот на сушење.

Кандидатот д-р Дарко Андриков учествувал и во реализацијата на повеќе интернационални научноистражувачки проекти што се тесно поврзани со неговата специјалност. Покрај тоа, д-р Дарко Андроников се јавува и како рецензент на повеќе трудови (вкупно 7) поднесени во меѓународни списанија што се опфатени во Science Citation Index.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Дарко Андроников е доктор по науки од подрачјето на прехраната и како млад научен работник се истакнува во полето на прехранбена технологијата. Дарко Андроников магистрирал и докторирал на Универзитетот во Љубљана, Словенија, и притоа бил активно вклучен во поголем број на релевантни проекти од неговата област. Неговата научноистражувачка работа е главно од областа на студирањето на влијанието на надворешните и експерименталните услови врз квалтетот и составот на сушените пршути и слични трајни сувомесни производи. Од неговата научноистражувачка работа, д-р Дарко Андроников има објавено три труда во странски списанија опфатени од Science Citation Index, а се јавува и како рецензент на поголем број трудови од неговото подрачје, поднесени за публикација во странски списанија опфатени со Science Citation Index. Д-р Дарко Андроников е млад истражувач, со голем потенцијал. Покрај во научноистражувачката работа, Дарко Андроников бил вклучен и во наставата по поголем број предмети што се обработувале во прviот и вториот циклус на студии на Биотехничкиот факултет на Универзитетот во Љубљана, Словенија. Неговите трудови се сосема релевантни за научното подрачје за кое кандидатот аплицира.

Имајќи ги предвид сите горенаведени работи, Рецензетската комисија има чест да му педложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет **да го избери д-р Дарко Андроников во звањето доцент**.

**РЕЦЕНЗЕТСКАТА КОМИСИЈА**

**Д-р Ацо Кузелов, вонреден професор – претседател, с.р.**
**Д-р Љупчо Михајлов, редовен професор – член, с.р.**
**Д-р Рубин Гулабоски, вонреден професор – член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Дарко Андроников, доктор по прехранбена технологија, според критериумите за вреднување на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Во земјава Во странство |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 2. | Одбранета докторска теза | 8 |
| | Три објавени трудови во SCI списанија | 3x9=27 поени |
| | Рецензент на седум трудови поднесени за публикување во SCI списанија | 7x2 = 14 поени |
| | Учество во настава вежби по два предмети на додипломски студии во странство | 2x3x1.5= 9 поени |
| | Учество во три проекти | 3 x 3 = 9 поени |
| | Учество во настава вежби по два предмети на постдипломски студии во странство | 2 x 3 = 6 поени |
| | | **Вкупно 78** |